Уп. бр. 08-39

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград со седиште на Таковска бр.2., Белград, Србија, преку полномошник Огнен Трајковски од Скопје, на седницата одржана на ден 24.03.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград со седиште на Таковска бр.2., Белград, Србија ќе го преземе direct-to-home бизнисот на Serbia Broadband – Srpske Kablovske Mreze d.o.o. Beograd во Србија и Северна Македонија при што во однос на Северна Македонија, Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија а.д ќе го стекне друштвото Adria DTH B.V. Amsterdam и неговата подружница ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, и со која концентрација претпријатие за телекомуникацииа Телеком Србија а.д ќе стекне контрола над друштвото EON TV International, со седиште во Никозија 2415, Кипар на улица Emmanouil Xanthou 13, Makedonitissa, кое управува со NetTV Plus, OTT сервис за стриминг наменет за дијаспората од поранешна Југославија ширум светот и контрола над друштвото SportCo д.о.о. Белград, со седиште во Белград, ул. Кнеза Вишеслава 88, што вклучува одредени права за дистрибуција на содржина и канали што во моментов ги дистрибуира деловната единица „Sport Klub“ во Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 19.02.2025 година, а дополнето на 21.02.2025, 28.02.2025 на 11.03.2025 и на 14.03.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград со седиште на Таковска бр.2., Белград, Србија (во понатамошниот текст Телеком Србија а.д.) со која Телеком Србија а.д. ќе го преземе direct-to-home бизнисот на Serbia Broadband – Srpske Kablovske Mreze d.o.o. Beograd во Србија и Северна Македонија при што во однос на Северна Македонија, Телеком Србија а.д ќе го стекне друштвото Adria DTH B.V. Amsterdam и неговата подружница ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со наведената концентрација исто така Телеком Србија а.д ќе стекне контрола над друштвото EON TV International, со седиште во Никозија 2415, Кипар на улица Emmanouil Xanthou 13, Makedonitissa, кое управува со NetTV Plus, OTT сервис за стриминг наменет за дијаспората од поранешна Југославија ширум светот и контрола над друштвото SportCo д.о.о. Белград, со седиште во Белград, ул. Кнеза Вишеслава 88, што вклучува одредени права за дистрибуција на содржина и канали што во моментов ги дистрибуира деловната единица „Sport Klub“ во Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Телеком Србија а.д. ќе го преземе direct-to-home бизнисот на Serbia Broadband – Srpske Kablovske Mreze d.o.o. Beograd во Србија и Северна Македонија („DTH Бизнис“), кој ќе биде издвоен од Serbia Broadband – Srpske Kablovske Mreze d.o.o. Имено со предметната концентрација Телеком Србија а.д. ќе стекне од Продавачот имот, договори и права во Serbia Broadband – Srpske Kablovske Mreze d.o.o.. Во врска со релевантниот имот во Северна Македонија, Телеком Србија а.д ќе го стекне друштвото Adria DTH B.V. Amsterdam и неговата подружница ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје.

Покрај тоа, Телеком Србија а.д ќе го стекне следото:

- 100% удел во друштвото EON TV International, со седиште во Никозија 2415, Кипар („EON“), улица Emmanouil Xanthou 13, Makedonitissa, кое управува со NetTV Plus, OTT сервис за стриминг наменет за дијаспората од поранешна Југославија ширум светот и

- 100% удел во друштвото SportCo д.о.о. Белград, со седиште во Белград, ул. Кнеза Вишеслава 88,, што вклучува одредени права за дистрибуција на содржина и канали што во моментов ги дистрибуира деловната единица „Sport Klub“ во Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија .

Телеком Србија а.д. е регистрирано за кабелски телекомуникации. Основната дејност на Телеком Србија а.д. е обезбедување телекомуникациски услуги, од кои најзначајни се услугите за домашна и меѓународна телефонска комуникација, услуги на фиксна

телефонија, транзитна комуникација, пренос на податоци, изнајмување на линии, услуги на целото мрежно подрачје, дополнителни услуги во областа на мобилната телефонија, Интернет и мултимедијални услуги.

**Поврзано лице на Телеком Србија а.д. на територијата на Република Северна Македонија:**

Поврзано лице со Телеком Србија а.д. на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје („МТЕЛ ДООЕЛ Скопје"), со седиште на улица „Максим Горки" 11/1-3, Скопје, регистрирано за дејност жични телекомуникации, односно за обезбедување на услуги за јавен радио-телефонски пристап во јавна телефонска мрежа, јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на услуги за телевизиска програма и сателитски услуги.

Поврзано лице на МТЕЛ ДООЕЛ Скопје [1]е Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки" 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност бежични телекомуникации. Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

Телеком Србија а.д.. ќе ги преземе правата за дистрибуција на содржини и канали кои моментално ги дистрибуира деловната единица на продажната група „Sport Klub" во Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија, преку преземање на правното лице Sports Co d.o.o.. Дополнително поврзаните лица на Телеком Србија а.д. (ARENA CHANNELS GROUP д.о.о. Белград, како и поврзаните страни ARENA NEWS, ARENA NEWS TWO) се присутни на пазарот за производство и емитување ТВ програми.

DTH бизнис во Србија на друштвото Serbia Broadband – Srpske Kablovske Mreze d.o.o.(во понатамошниот текст СББ)

СББ е основано како друштво со ограничена одговорност на 1 септември 2000 година и работи првенствено во секторот за кабелски телекомуникации. Како мрежен оператор, SBB обезбедува различни јавни комуникациски услуги, вклучително и дистрибуција на медиумска содржина преку сателит (DTH), што го сочинува бизнисот DTH.

Адриа ДТХ Б.В. е сопственик на 75% од акциите во компанијата ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, која работи во Северна Македонија.

ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје е основана во 2009 година и обезбедува услуги за дистрибуција на медиумски содржини преку платформата DTH низ Република Северна Македонија.

[1] Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение бр.08-31/2023 од 22.03.2023 година ја одобри концентрацијата со која МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на улица Максим Горки бр.11-1/кат 3, 1000 Скопје, ќе стекне контрола над друштвото НЕОТЕЛ ДОО Скопје, со седиште на булевар Кузман Јосифовски-Питу бр.15, 1000 Скопје.

EON TV EON TV International Ltd е сопственик на NetTV Plus, стриминг платформа преку OTT технологија. NetTV Plus е достапен на паметни “smart ”уреди и на веб прелистувачи, покрај EON STB уредите. Корисниците се претплатуваат на NetTV Plus преку претплатнички договори со EON TV или преку глобалните партнери на EON TV. Друштвото ќерка на EON, City Media, нуди техничка поддршка за NetTV Plus платформата и прибавува лиценци за дел од содржините кои се дистрибуираат преку платфорамта.

SportCo д.о.о. Белград (поранешно NOVA S Televizija), е компанија регистрирани за специјални намени (Special Purpose Vehicle - SPV) основана во 2022 година за да учествува на јавни тендери за доделување национални дозволи за бесплатно емитување (FTA), спроведени од Регулаторното тело за електронски медиуми (РЕМ). По спроведувањето на тендерите, SportCo немала оперативни активности и била вклучена во правни/судски постапки поврзани со резултатите од тендерите.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**